Macedonian

May 2016

Health
South Eastern Sydney
Local Health District

# Помошна даска/седиште за када со држач

## Bathboard/Bath Seat



### Што е помошна даска или седиште за када?

**What is a bathboard or bath seat?**

Помошната даска за када е седиште кое се поставува на кадата. Се користи за безбедно влегување и излегување од кадата. Лицето може да седи додека се тушира. Даската е исто така позната како седиште за када.

### Кога треба да користам помошна даска за када?

**When should I use a bathboard?**

Даската се користи кога се чувствувате несигурни, слаби или губите рамнотежа при влегување и излегување од кадата. Ве молиме, јавете им се на тимот од службата во локалната заедница или замолете го вашиот доктор да ви даде упат за ерготерапевт. Ерготерапевтот ќе ви препорача да користите помошна даска за када, ако тоа е потребно.

### Како да ја наместам даската за да одговара на мојата када?

**How should I adjust the bathboard to fit my bath?**

Важно е за ваша безбедност да ја поставите даската на кадата правилно.

1. Поставете ја даската на кадата така што држачот ќе биде до ѕидот.
2. Олабавете ги гвинтовите за прицврстување кои се наоѓаат под даската со тоа што ќе ги завртите во спротивна насока од стрелките на часовникот.
3. Поставете ги сите четири гвинтови под даската така да бидат цврсто прицврстени на внатрешните ѕидови од кадата.
4. Кога секој гвинт ќе биде поставен на правото место, стегнете ги со тоа што ќе ги завртите во насока на стрелките на часовникот. Проверете дали секој гвинт е цврсто прицврстен и не може да се движи.
5. Славините за вода и безбедносните држачи на ѕидот треба да можете слободно да ги користите.
6. Некои даски или седишта за када имаат дупчиња за цедење на водата во кои може да се заглави половиот орган на корисникот. Ставете крпа или нешто слично како заштита меѓу вас и седиштето.



**Occupational Therapy Departments (Оддели за ерготерапија)**
**(St George, Sutherland and Calvary Hospitals) Locked Bag 21, Taren Point NSW 2229**

Ако ви треба преведувач, ве молиме телефонирајте во TIS National на 131 450

# Помошна даска/седиште за када со држач

Bathboard/Bath Seat

## Како треба да ја користам даската за када?

**How should I use the bathboard?**



### За влегување во кадата

1. Седнете на даската пред да влезете во кадата
2. Фатете го држачот на даската
3. Завртете се и ставете ги стапалата во кадата

### За излегување од кадата

1. Не станувајте
2. Придржете се за држачот на седиштето
3. Завртете се и извадете ги стапалата од кадата
4. Поставете ги стапалата цврсто на подот и исправете се

### Како треба да се грижам за даската за када?

1. Редовно проверувајте дали гвинтовите за прицврстување се во добра состојба и дали се доволно прицврстени на внатрешните ѕидови од кадата
2. Мијте ја даската со мек сапун и вода или средство за чистење кое не гребе
3. Оставете ја даската да се исуши
4. Редовно проверувајте дали држачот е безбедно прицврстен.  Ако е потребно, стегнете го
5. Погрижете се редовно да ја одржувате.  Веднаш пријавете било каков дефект или оштетување на опремата во канцеларијата за позајмување на опрема

## Опремата ви ја издаде:

**Your equipment has been issued to you by:**

Ве молиме, разговарајте со вашиот ерготерапевт ако имате било какви прашања во врска со користењето на даската за када.

Вашиот ерготерапевт:
Your Occupational Therapist: ______________________________

Телефон:
Phone: ____________________

## Преведувачки услуги

**Interpreter Services**

Ако ви треба помош при разбирање и зборување на англиски јазик, тогаш може да користите професионални преведувачи.

Преведувачките услуги се бесплатни и доверливи.  Можете да побарате да ви обезбедат преведувач, ако не ви го понудат тоа.  Персоналот ќе ангажира преведувач за вас.  Ако ви треба преведувач за да можете да не контактирате, ве молиме јавете се во Translating and Interpreting Service (Служба за писмено и усмено преведување) на 131 450.

Оваа брошура е подготвена за да ви даде информации во врска со целта, безбедното користење и поставувањето на опремата што ви е препишана.  Информациите се наменети само како водич и мора да се користат заедно со упатствата што ќе ви ги даде вашиот ерготерапевт.

Оваа брошура заедно ја подготвија Одделите за ерготерапија од Sutherland Hospital, St George Hospital и Calvary Hospital во 2015.

Финансиските средства за преведување ги овозможи Multicultural Health Service (Мултикултурна здравствена служба), South Eastern Sydney Local Health District (Служба на локалната здравствена единица на југоисточниот дел на Сиднеј).